


ЕДОГОДИШНА СЕРТИФИКАЦИОНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

# Certification for Corporate Governance & Compliance

Програмата се одвива врз база на серија предавања од областа на корпоративното управување (corporate governance) со презентација на најновата стручната литература во овој дел и објаснување на барањата на постојната правна регулатива. Потоа презентација на практични прашања и работа на случаи/проблеми кои се значајни за разбирање на правилата на доброто корпоративно управување. Предавачите се професионално ангажирани во регулаторните тела и приватниот сектор со долгогодишно практично искуство во сферата на корпоративното управување, усогласеното работење со прописите, спречувањето на перење пари, работењето на осигурителните друштва и функционирањето на пазарот на капитал.

Во фокусот на предавањата ќе биде работењето на финансиските институции и котираните друштва на Македонска берза од аспект на добрите меѓународни практики на корпоративно управување и усогласено работење со прописите.

## НА КРАЈОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА ДОБИВАТЕ:

- **32 бодови / ECVET** - European Credit points for Vocational Education and Training (Европски кредит поени за стручно образование и наука или КПУ - континуирано професионално усовршување бодови) согласно Европската рамка за квалификации на годишно ниво;

- **Специјалистички сертификат** - Диплома за завршено неформално стручно образование согласно European Quality Assurance for Vocational Education and Training (EQAVET) – Обезбедување Европски квалитет за стручно образование и наука.

- **Можност за трансферни ЕКТС (кредити)** на формални образовни установи.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

### Level 1

Модулот 1 ќе ги опфаќа основните постулати на корпоративно управување во трговските друштва (работа на органите на друштвото, права на акционери/содружници, зделка со заинтересирана страна, менаџерски договори, стаутот и договорот за основање на друштвото, објавување на податоци и транспарентно работење) кои се значајни прашања за секое трговско друштво особено за друштвата кои котираат на Македонската берза. Вклучувајќи, поединечни предавања за примената на новиот Кодекс за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, менаџерските договори и процесот на наградување кај трговските друштва, како и одговор на практични прашања и пренесување на искуство за процесот на присоединување и спојување на акционерски друштва.

| | CCG&C 1 - Certified Corporate Governance & Compliance, Модул 1 |
|---|---|
| | **опис на час** |
| 1 | **Вовед во корпоративното управување (Corporate Governance) – поим, дефиниции, придобивки и трошок** |
| 2 | **Правна и институционална рамка на корпоративното управување, споредбено и во Македонија** |
| 3 | **Интерни акти и документи на друштвото**<br>• Договор за друштвото, односно Статут на друштвото (The Company's Statute)<br>• Обврски за друштвата кои котираат на берза и друштвата со посебни обврски за известување, како и обработка на Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза |
| 4 | **Акционери на друштвото и заинтересирани страни (Shareholders and Stakeholders)** |
| 5 | **Одбори на друштвото, состав и структура (Board Role, Board Committees, Composition and Structure)** |
| 6 | **Улога на Управниот одбор/Одбор на директори/управителите и нивните права и надлежности (Directors' Duties and Liabilities)** |
| 7 | **Обелоденување и транспарентност (Disclosure and Transparency) -постапување со ценовно чувствителни информации, внатрешни (инсајдерски) информации, деловна и банкарска тајна и сл.** |
| 8 | **Политика за наградување (Remuneration) и менаџерски договори** |
| 9 | **Присоединување и спојување на акционерски друштва** |

### Level 2

Модулот 2 ги опфаќа контролните функции во трговските друштва, со акцент на работата на внатрешната ревизја (internal audit function), одделот/лицето одговорно за управување со ризиците (risk function) и одделот/лицето одговорно за работење на друштвото во согласност со прописите (compliance function). Посебно предавање е посветено на опфатот и значењето на работата на надворешната ревизија, работата на супервизорските органи и останатите регулаторни тела на финансиските институции. Дополнително, засебни теми во овој модул е сеопфатна анализа на барањата на прописите за заштита на личните податоци, како и управување со ризикот од перење пари.

| | CCG&C 2 - Certified Corporate Governance & Compliance, Модул 2 |
|---|---|
| | **опис на час** |
| 1 | **Линии на одбрана (lines of defense) и управување со ризиците (the governance of risk/risk management framework, risk appetite)** |
| 2 | **Организациска поставеност, статус и ресурси на функцијата за управување со ризици и нејзина улога и функции (Chief Risk Officer, role and responsibilities)** |
| 3 | **Функција на усогласеност со прописите (Compliance Function, role and responsibilities) независност на функцијата, улога и функции-следење на прописите, давање на мислење за нов производ/услуга, известување до високиот менаџмент, проценка на ризици од неусогласеност со прописите, спроведување на контрола (compliance check) и едукација, судир на интереси и корупција и сл.)** |
| 4 | **Соработка со другите организациони делови во друштвото, надворешни институции и регулаторни тела** |
| 5 | **Функција на внатрешна ревизија (Internal Audit) - статус, улога и одговорности, опфат на активности, ревизорски циклус, известување до органите на друштвото** |
| 6 | **Улогата и функцијата на надворешната ревизија** |
| 7 | **Улога и функција на супервизорите и надзорните органи** |
| 8 | **Заштита на лични податоци (Data Protection Officer)** |
| 9 | **Ризик од перење пари (AML/CFT Risk Management and FATCA Officer) и методологија за процена на ризик на ниво на друштво** |

**Level 3**

Модулот 3 опфаќа постручна обработка на дадени теми кои се поврзани и значајни за добро корпоративно управување од една страна, а од друга страна се важни и карактеристични во времето на засилената дигитална трансформација, појавата на нови финансиски институции во финансискиот пејзаж во земјата, појавата на новите производи и услуги на пазарот, како и новите ризици кои се јавуваат секојдневно како резултатот на новите и модификацијата на постојните производи на пазарот. Во овој дел се обработуваат следните теми: fit & proper критериуми во процесот на лиценцирање на платежните институции, финтек компании и ризиците кои произлегуваат од нивниот бизнис модел, сајбер ризици и осигурување од сајбер ризици, управување со ризикот од измами, ризици поради користење услуги од надворешни лица, електронски документи и електронска идентификација, како и примената на рестриктивните мерки во пракса.

| | CCG&C 3 - Certified Corporate Governance & Compliance , Модул 3 |
|---|---|
| | опис на час |
| 1 | Заштита на потрошувачите при користење на финансиските услуги (Consumer Protection) |
| 2 | Новини и усогласено работење со Законот за платежни услуги и платни системи (payment services; fit & proper критериуми за лиценцирање; спроведување на надзор) |
| 3 | Финтек компании и ризици од нивниот бизнис модел |
| 4 | Користење услуги од надворешни лица (Outsourcing risk) |
| 5 | Управување со внатрешни и надворешни измами (Fraud Prevention/Management) |
| 6 | Управување со правен ризик (Legal risk management) и со поплаки на клиенти (Complaints management) |
| 7 | Е-управување, електронска идентификација, потпис и документација |
| 8 | Финансирање на тероризам и рестриктивни мерки (Sanctions) |
| 9 | Корпоративно управување и новите технологии (критични системи и сајбер безбедност) |

Вкупен број на часови: **108**
Настава: **хибридно (во живо и онлајн, по избор на слушателите)**
Динамика на обуката: 2 пати неделно

Предавачи:

- **д-р Искра Ивановска Стојановска**, самостоен советник, Дирекција за теренска супервизија во Народната банка
- **м-р Олгица Спасевска**, Генерален Секретар, Шпаркасе банка АД Скопје
- **Васка Кутревска**, Директор на Правна служба за Западен Балкан, Сандоз
- **м-р Глигор Пандиловски**, Директор на Одделот за усогласеност Стопанска банка АД Скопје, Претседател на АМЛ/Комисијата за усогласеност при Македонската банкарска асоцијација
- **Благородна Мирчевска**, Оддел за усогласеност со прописите, НЛБ Банка АД Скопје
- **Јасна Смилева**, Раководител на стручна служба, Комисија за хартии од вредност

EBTN EUROPEAN BANKING & FINANCIAL SERVICES TRAINING ASSOCIATION Aisbl · ABIT · Institute for Business & Management HEIDELBERG Skopje · FORUM